Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 09.11.2021

На 08.11.2021 во 23.20 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.М.(22) од Скопје, затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.11.2021 во 21.30 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода Д.Н.(18), В.А.(20), М.Н.(19) и двајца малолетници, сите од Прилеп, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Денеска (09.11.2021) во 06.10 часот во с.Ново Село, скопско, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Н.С.(26) од с.Ново Село. Тој се сомничи дека во периодот од 24.02.2021 до 21.05.2021 со закана од вработени во четири обложувалници на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов", ул.„Орце Николов" и ул.„Никола Тримпаре" во Скопје одзел пари. При претрес во неговиот дом во с.Ново Село, извршен утрово со судска наредба, биле пронајдени предмети поврзани со кривичните дела. По целосно документирање на случаите против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.11.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 27 прекршоци, од кои 19 надвор од населено место и 8 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 23 други видови на прекршоци, од кои 10 прекршоци за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 3 за некористење сигурносен појас и 8 за користење на мобилен телефон. Истиот ден, во периодот од 07.00 до 12.00 часот, на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои вршат непропишно престигнување. За време на акциската контрола биле констатирани 7 прекршоци и сите биле соодветно санкционирани.

На 08.11.2021, во периодот од 07.00 до 12.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид спроведена е сообраќајна акциска контрола при што полициските службеници регистрираа и санкционираа 22 возачи на моторни возила кои извршиле неправилно престигнување (Охрид-05, Струга-05, Кичево-07, Дебар-05).

На 08.11.2021, во периодот од 07.00 до 12.00 часот, на подрачјето на СВР Велес спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои непропишно престигнуваат други возила. Притоа, регистрирани и санкционирани се 7 прекршоци, од кои 2 во Велес, 4 во Кавадарци и 1 во Неготино.

На 08.11.2021, во периодот од 07.00 до 12.00 часот, на подрачје на СВР Струмица биле преземени мерки за санкционирање на прекршоци во сообраќајот, при што дино констатирано дека шест возачи, од кои 3 во Радовиш, 2 во Струмица и 1 во Гевгелија извршиле непропишно престигнување. За констатираните прекршоци биле изречени соодветни санкции.

На 08.11.2021 во 12.30 часот во СВР Скопје, Г.С.(51) од Скопје пријавил дека на бул. „Илинден" бил каснат од куче скитник.

На 08.11.2021 на подрачјето на СВР Тетово биле спроведени контролни активности при што биле откриени и санкционирани 6 лица (ТЕ-4 и ГВ-2), кои ги управувале возилата без положен возачки испит, како и 2 возачи-почетници (ТЕ) кои не ги почитувале законските предвидените ограничувања за оваа категорија учесници во сообраќајот. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 08.11.2021 во 14.20 часот во СВР Скопје, С.Т.(59) од Скопје пријавил дека на ул.„Кеј Димитар Влахов" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (08.11/09.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 9 прекршоци.

На 08.11.2021 во 18.45 часот во СВР Скопје, Н.Н.П.(47) од Скопје пријавила дека на ул. „Милан Мијалковиќ" била каснат од куче скитник.

На 08.11.2021, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе го лишиле од слобода А.Б.(33) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение дека во претходниот период од куќи на подрачјето на Свети Николе извршил седум кривични дела „тешка кражба", при што одземал разни предмети. Дел од предметите се пронајдени, одземени и вратени на оштетените граѓани. По целосно документирање на случаите, против А.Б. ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 08.11.2021 во 22.15 часот на ул.„Пролетерски бригади" во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга ги лишиле од слобода З.З.(50), С.З.(24), Е.И.(30) и Е.П.(26), сите од Кичево, затоа што околу 21.45 часот на истата улица физички ги нападнале Б.М.(31) и Р.М.(55), двајцата од Струга. При преземање мерки, полициските службеници кај Е.П. пронашле и одзеле пиштол „Ц3-85 Лугер" калибар 9 мм и една рамка со 12 куршуми. По целосно документирање на случајот ОВР Струга ќе поднесе соодветна пријава.

На 08.11.2021 во 13.00 часот во СВР Скопје, С.Ј.(50) од Скопје пријавила дека на 05.11.2021 во 14.00 часот во простории на АД за Стопанисување и изградба на станбен и деловен простор – Скопје на подрачје на Центар, додека била на своето работно место, била физички нападната од нејзината колешка А.О.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (09.11.2021) во СВР Скопје бил лишен од слобода Љ.Т.(52) од Скопје, бидејќи во 07.52 часот во непосредна близина на општина Бутел, со остар предмет го повредил неговиот брат А.Т.(53) од Скопје, вработен во општината, кој бил пренесен воУргентен центар Скопје за укажување на лекарска помош. По расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (09.11.2021) во 11.27 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во стан на ул. „Никола Карев", сопственост на К.Н.(60) од Скопје. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Е.(30) од с.Шемшово, тетовско, А.И.(72) од с.Долно Палчиште, тетовско, Б.Ј.(47) од с.Теново, тетовско и В.Н.(47) од с.Боговиње, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест". При извршени контроли, полициските службеници не ги затекнале пријавените во своите домови и покрај тоа што биле лабораториски потврдени позитивни случаи на Ковид-19 и имале решенија за изолација и лекување во домашни услови.

На 08.11.2021 во 11.35 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Затвор Идризово било пријавено дека околу 11.05 часот во затворот настанала физичка пресметка помеѓу затворениците В.И. (35) од Битола и П.Ф.(39) од Скопје, при што Ф.П. со остар предмет му нанел повреда на В.И.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.11.2021 во СВР Скопје било пријавено дека на 07.11.2021 во 20.42 часот во Јавна установа за згрижување деца се вратила нивната штитеничка М.С.(17) за која на 05.11.2021 било пријавено дека се оддалечила од установата.

На 08.11.2021 во 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на 07.11.2021 во 05.30 часот во СОС Детско Село се вратила нивната штитеничка М.Б.(16) за која претходно беше пријавено дека се оддалечила од установата.

На 08.11.2021 во 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца на подрачјето на Центар самоволно се оддалечиле С.Ј.(13), С.Ч.(14), Л.Д.(18) и М.А.(14), кои и претходно во повеќе наврати се оддалечувале и биле враќани назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 08.11.2021 во СВР Скопје било пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца на подрачјето на Карпош се оддалечил Р.Ш.М.(14), кој и претходно во повеќе наврати се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Н.Ј.(59) од с.Вруток, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 28.02.2021 во неговиот угостителски објект во с.Вруток, пријавениот физички го нападнал со стаклен предмет Ј.М.(48).

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.А.(43) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 24.07.2021, пред Одделението за хирургија во Клинички центар Тетово, Ј.А. се однесувал агресивно и упатил закани кон лекар од одделението.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.А.(25) и Ш.А.(23) двајцата од с.Отушиште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 13.09.2021 на ул.„Видое Смилески Бато", пријавените физички го нападнале В.Р. од Тетово и му упатиле закани.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.И.(22) и А.Д.(21), двајцата од с.Добридол, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 04.04.2021, полициски службеници ги затекнале пријавените како без дозвола се движат надвор домот за време на забрана за движење на населението на целата територија на државата.

На 08.11.2021 во 17.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" бил донесен малолетник од Скопје со повреда од остар предмет. Неговата мајка Н.Ш.(24) пријавила дека околу 17.20 часот, по претходна расправија, тој бил повреден со остар предмет од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Ф.Е.(27) од с.Паликура, општина Росоман, поради постоење основи на соимнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 19.03.2021, полициски службеници го затекнале пријавениот како без дозвола се движи надвор домот за време на забрана за движење на населението на целата територија на државата.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет